СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 16	Чешиново-Облешево 29.10.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново- Облешево за период од 01.01.2026 -31.09.2026 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново- Облешево за период од 01.01.2026 -31.09.2026 година што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2177/1 Општина Чешиново-Облешево
28.10.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново - Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот на извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2026 година

Член 1
Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2026 година

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново – Облешево''.

Бр.08-2161/1 Совет на
28.10.2026 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Елаборат за процена на штети настанати од поплава

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Елаборат за процена на штети настанати од поплава што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2176/1 Општина Чешиново-Облешево
28.10.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново - Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Елаборат за процена на штети настанати од поплава

Член 1

Се усвојува Елаборатот за процена на штети настанати од поплава на ден 28.11.2025 година, бр.01-2093/1 од 13.10.2026 година.

Член 2

Елаборатот за процена на штети настаната од поплава како и целокупната документација која ја има изготвено Комисијата за штети да се достави до Владата на Република Северна Македонија за понатамошно постапување.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2154/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034

1.Ја прогласувам Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034 ,што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2175/1
28.10.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 20и член 28 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20,111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на 26.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034

Член 1

Со оваа одлука се донесува **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034** со тех.бр.16/2024 од јуни 2026 изработен од „ИНПУМА“ Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје.

Член 2

Граница на планскиот опфат е следна :

Границата на опфатот се совпаѓа со границите на Блок 16 и Блок 25 дефинирани вопостоечкиот Урбанистички план за село Облешево, Општина Чешиново-Облешево за 2017-2027(Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.):

- на **северозапад** границата се протега по осовина на магистралната улица “Маршал Тито” (планирана според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново- Облешево

донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);

- на **југозапад** границата се движи по осовина на станбената улица "Јоаким Крчовски" (планирана според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);

- на **југоисток** границата ја сече КП 5779, односно ја следи границата на УПС Облешево;

- на **североисток** границата се протега по осовина на станбената ул. "1-ви Мај" (планирана според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);
Површината на планскиот опфат на Блок 16и Блок 25 изнесува **5.11 ха**

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намена :

А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ
А1 – Домување во куќи

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б1.9 – Пошти, поштенски канцеларии, канцеларии за прием на пратки
Б2 – Големи единици за трговија

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В3 – Култура
В5.1 – Цркви

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 – Парковско и пејзажно зеленило
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.11 – Инфраструктури за одводнување

Член 4

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:
-документациона основа -текстуален и графички дел;
-планска документација - текстуален и графички дел;

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2155/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2026 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.- 30.09.2026 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2174/1
28.10.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2026 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново – Облешево„

Бр.08-2160/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање од Компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање од Компанија Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2173/1
28.10.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Барање од Компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево

Член 1

Се усвојува Барањето од Компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Поставувањето на автобуските постојки ќе биде донација од компанијата.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2159/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање-согласност од ПУ “Страшо Пинџур” Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на електрична инфраструктура

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање-согласност од ПУ “Страшо Пинџур” Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на електрична инфраструктура, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја

донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2172/1 Општина Чешиново-Облешево
28.10.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Барањето-согласност од ПУ “Страшо Пинџур” Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на електричната инфраструктура

Член 1

Се усвојува барањето-согласноста од ПУ “Страшо Пинџур” Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на елекричната инфраструктура со цел за безбедно и непрекинато функционирање на електричното напојување во с.Жиганци.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2158/1 Совет на
28.10.2026 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за отстранување на дрвја и дива вегетација на јавни површини во Општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Одлуката за отстранување на дрвја и дива вегетација на јавни површини во Општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2170/1 Општина Чешиново-Облешево
28.10.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За отстранување на дрвја и дива вегетација на јавни површини во Општина Чешиново-Облешево

Член 1

Со оваа одлука се утврдува и одобрува потребата од отсранување на потенцијално опасни дрвја, како и дива вегетација на јавните површини на територијата на Општина Чешиново-Облешево, со цел обезбедување на безбедноста на граѓаните, заштита на јавниот имот, опасност за електичните кабли и одржување на уредноста и проодноста на јавни површини.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 2

Отстранувањето може да опфати дрвја и дива вегетација на улици, тротоари, паркови, јавни зелени површини, училишни дворови, покрај локалните патишта и други јавни површини во надлежност на Општината.

Член 3

За спроведување на активностите од оваа одлука се задолжуваат надлежните општински служби, во соработка со надлежните јавно претпријатие согласно со нивните надлежности.

Средствата за спроведување на активностите ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево, согласно законот.

Член 4

При спроведување на активностите задолжително ќе се превземаат мерки за безбедност на граѓаните, заштита на имотот и соодветно поставување со отстранетата вегетација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина чешиново-Облешево".

Бр.08-2157/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за давање на поддршка и користење на работењето и активностите на ДПД "Облешево"

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Одлуката за давање на поддршка и користење на работењето и активностите на ДПД "Облешево", што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-2169/1
28.10.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 11 и точка 30 од Статутот на Општина Чешиново - Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 26.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање на поддршка и користење на работењето и активностите на ДПД "Облешево"

Член 1

Со оваа одлука се дава поддршка на работењето и активностите на ДПД "Облешево", заради унапредување на неговата дејност, подобрување на условите за работа и обезбедување услови за спроведување на активности од интерес на локалната заедница.

Член 2

Општина Чешиново-Облешево, во рамките на своите законски надлежности и расположливите материјални и финансиски средства, може да обезбеди поддршка за работењето и активностите и целите на ДПД "Облешево".

Поддршката може да опфаќа давање на користење на простор, опрема или други материјални и финансиски средства, согласно законските прописи и потребите на друштвото.

Член 3

Доколку поддршката опфаќа давање на користење недвижен имот, простор или опрема

во сопственост на општина Чешиново-Облешево, истото ќе се уреди со посебен акт или договор, во согласност со важечките законски прописи .

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина чешиново-Облешево".

Бр.08-2156/1
28.10.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

СОДРЖИНА Стр.

1. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за период од 01.01.2026 - 31.09.2026 година……..…1
2. **ОДЛУКА** За усвојување на Извештајот на извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2026 година…….1
3. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Елаборат за процена на штети настанати од поплава……..…1
4. **ОДЛУКА** За усвојување на Елаборат за процена на штети настанати од поплава……...2
5. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034……...2
6. **ОДЛУКА** за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево плански период 2024-2034…….2
7. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2026 година……3
8. **ОДЛУКА** За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07.-30.09.2026 година……3
9. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање од Компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево…….4
10. **ОДЛУКА** За усвојување на Барање од Компанијата Амфенол Технолоџи Македонија ДООЕЛ да се одобри поставување на две автобуски постојки на територија на Општина Чешиново-Облешево…….4
11. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање-согласност од ПУ "Страшо Пинџур" Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на електрична инфраструктура……4
12. **ОДЛУКА** За усвојување на Барањето-согласност од ПУ "Страшо Пинџур" Жиганци да се отстранат (исечат) дрвјата кои се во близина на електричната инфраструктура……5
13. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за отстранување на дрвја и дива вегетација на јавни површини во Општина Чешиново-Облешево……...5
14. **ОДЛУКА** За отстранување на дрвја и дива вегетација на јавни површини во Општина Чешиново-Облешево……..…5

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

15. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за давање на поддршка и користење на работењето и активностите на ДПД “Облешево”……6
16. **ОДЛУКА** За давање на поддршка и користење на работењето и активностите на ДПД “Облешево”……6
17. **СОДРЖИНА**.....7

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО